# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

**Службен весник на РМ, бр. 111 од 03.09.2008 година**

**Член 1**

Во Законот за Јавното обвинителство ("Службен весник на Република Македонија" број 150/2007), во членот 44 став (2) алинејата 1 се менува и гласи:
"- да има работно искуство од најмалку осум години со потврдени резултати на правни работи по положениот правосуден испит, или редовен или вонреден универзитетски професор кој предавал повеќе од десет години правен предмет од правосудната практика."
Во ставот (3) алинејата 1 се менува и гласи:
"- да има работно искуство од најмалку осум години со потврдени резултати на правни работи по положениот правосуден испит;".
Во ставот (4) зборовите: "ставот (2)" се заменуваат со зборовите: "ставот (1)", а зборот "осум" се заменува со зборот "пет".
Во ставот (5) алинејата 1 се менува и гласи:
- "да има работно искуство од најмалку пет години со потврдени резултати на правни работи по положениот правосуден испит;".
Во ставот (6) зборовите: "ставот (2)" се заменуваат со зборовите: "ставот (1)", а зборот "шест" се заменува со зборот "четири".
Во ставот (7) зборовите: "ставот (2)" се заменуваат со зборовите: "ставот (1)", а зборот "пет" се заменува со зборот "три".
Во ставот (8) зборовите: "ставот (2)" се заменуваат со зборовите: "ставот (1)".

**Член 2**

Во членот 95 ставот (1) се менува и гласи:
"До првото стекнување на својство на кандидати за јавни обвинители согласно со Законот за Академијата за обука на судии и јавни обвинители, јавните обвинители во основните јавни обвинителства ќе се избираат согласно условите од членот 34 став 1 од Законот за Јавното обвинителство ("Службен весник на Република Македонија" број 38/2004) и да имаат работно искуство со потврдени резултати по положениот правосуден испит на правни работи од над три години."
Во ставот (2) зборовите: "членот 34 ставови (1) и (2) од Законот за Јавното обвинителство ("Службен весник на Република Македонија" број 38/2004) се заменуваат со зборовите: "ставот (1) на овој член".

**Член 3**

Во членот 99 зборовите: "ставови (1) и (2)" се заменуваат со зборовите: "став (1)".

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".